**ДП. бр. 2/14**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-292/1 од 21.01.2014 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител Д.К од В лично, по одржан претрес на ден 28.02.2014 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител Д.К именуван за подрачјето на Основниот суд В, Основниот суд Г, Основниот суд Г и Основниот суд Н со адреса на ул.бр.во В

ЗАТОА ШТО:

1.Извршителот Д.К не ја води уредно и навремено евиденцијата во електронска форма. Извршителот предметите не ги скенира тековно и ажурно, односно предметите ги скенира откако истите биле завршени. Извршителот кај незавршените предмети не ги скенира ни барањето за извршување, извршната исправа, ниту пак преземените дејствија од страна на извршителот, со што извршителот не постапил во согласност со член 2 и член 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.117/05) и член 45 став 1 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10,83/10,88/10,171/10 и 148/11)

2. Извршителот во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година кај уписите на завршените предмети не ги завел податоците за наплатени средства за администрирање на предметот, извршни дејствија, материјални трошоци,

награда за реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени средства, со што не постапил во согласност со член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување и член 45 став 1 од Законот за извршување

со кои дејствија извршителот Д.К од В сторил дисциплинска повреда :" неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките" по членот 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ опишана во точка 1 и дисциплинска повреда „не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти" по 54-г став 1 алинеја 9 од ЗИ опишана во точка 2, па врз основа на 54 –а од Закон за извршување се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од -------- евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот Д.К од В утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението а под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-292/1 од 21.01.2014 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот Д.К врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-292/1 од 21.01.2014 година. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот сторил дисциплински повреди по член 54-г став 1 алинеја 4 и алинеја 9 од Законот за извршување затоа овластените лица од Министерството за правда при редовен надзор спроведен над работата на извршителот на ден 02.12.2013 година со увид во електронската евиденција и уписникот за примени барања за извршување утрдиле дека извршителот Д.К не ја води уредно и навремено евиденцијата во електронска форма односно дека извршителот предметите не ги скенира тековно и ажурно, односно дека истите ги скенира по нивно завршување. Извршителот кај незавршените предмети не ги

скенира ни барањето за извршување, извршната исправа, ниту пак преземените дејствија од страна на извршителот, со што извршителот не постапува во согласност со член 2 и член 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.117/05) и член 45 став 1 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10,83/10,88/10,171/10 и 148/11). Предлагачот наведува во предлогот и дека извршителот во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година кај уписите на завршените предмети не ги заведува податоците за наплатени средства за администрирање на предметот, извршни дејствија, материјални трошоци, награда за реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени средства, со што постапува спротивно на член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување и член 45 став 1 од Законот за извршување па се предлага Дисциплинската комисија да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и да му изрече соодветна дисциплинска мерка за дисциплински повреди од член 54-г алинеи 4 и 9 од Законот за извршување.

Извршителот Д.К во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 17.02.2014 година наведе дека се неспорни тврдењата на предлагачот дека во канцеларијата на извршителот до пред една година се скенирале само завршените предмети од причина што при првиот извршен редовен надзор од страна на Министерство за правда не му било посочено на извршителот дека таквиот начин на водење на евиденција е неправилност односно дека таквото работење не е во согласност со чл. 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Извршителот наведе и дека скенирањето на списите од предметите на начин што тоа се правело по завршување на постапката на извршување било и резултат на правни празнини во прописите донесени од страна на Министерство за правда на почетокот со работењето на извршителите каде немало јасни одредби кои списи и во кој временски период треба да се скенираат како и недореченоста на прописите во делот на водењето на писмената и електронската евиденција. Извршителот во своја одбрана истакна и дека застојот со скенирањето на предметите се јавил поради отсуство од здравствени причини на двајца од вработените

во канцеларијата на извршителот а од друга страна и на големиот наплив на предмети доставувани во голем број од страна на Државното правобранителство на РМ и трансферот на предметите од судовите кај извршителите. Извршителот наведе дека во однос на наводите од предлогот кои го теретат за неуредно водење на писмената евиденција во делот на наплатена награда и други трошоци во предметите каде не се внесени станувало збор за незавршени предмети или за завршени но сеуште не архивирани, односно извршителот во пракса при архивирање и извршена контрола на наплатата на предметите ги внесувал износите на паричните средства и при тоа ставал ознака А/А. Извршителот наведе и дека во периодот од спроведениот надзор до денот на одржување на главен претрес биле отстранети сите неуредности кои се однесуваат на писмената евиденција и целата писмена евиденција била со ажурирани податоци и пополнети рубрики во Уписникот за примени барања за извршување.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 28.02.2014 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП.бр.09- 4120/1 од 16.12.2013 година на Министерство за правда на РМ;
2. Копие од Уписник за примени барања за 2012 и 2013 година на извршител Д.К

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба: Извршителот Д.К вршејќи ја должноста извршител предметите во својата канцеларија не ги скенирал тековно и ажурно, односно предметите ги скенирал откако биле завршени. Извршителот кај незавршените предмети не ги скенирал ни барањето за извршуваше, извршната исправа, ниту пак преземените дејствија. Извршителот на десната страна од Уписникот за примени барања за извшување во табелата не ги заведува податоците за наплатени средства за администрираше на предметот, извршни дејствија, материјални трошоци, награда за реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени средства и тоа на пр. во четвртата и последната книги од Уписникот за 2012 година и во последната книга од Уписникот за 2013 година не се пополнети рубриките „администрираше“, „извршни дејствија“, „материјални трошоци“, „награда за реализирана извршна исправа“ и „вкупен износ“), а кое нешто не го спори ни самиот извршител Д.К од В.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 28.02.2014 година одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-292/1од 21.01.2014 година утврди дека извршителот Д.К од В сторил дисциплинска повреда на начин што во својата извршна канцеларија не ја води уредно и навремено евиденцијата во електронска форма, односно не ги скенира тековно и ажурно списите од предметите во работа туку истото го прави дури откако ќе биде спроведено извршувањето односно при архивирање на предметите па со што извршителот постапил спротивно на член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршуваше и член 45 став 1 од Законот за извршување, па со ваквиот начин на постапување извршителот ја сторил дисциплинска повреда од членот 54-г алинеја 4 од Законот за извршување која му се става на товар :“ неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките“ . Понатаму, ДК при КИРМ утврди и дека извршителот со тоа што во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година кај уписите на завршените предмети не ги завел податоците за наплатени средства за администрирање на предметот, извршни дејствија, материјални трошоци, награда за реализирана извршна исправа и вкупен износ на наплатени средства ја сторил дисциплинската повреда од членот 54-г алинеја 9 од Законот за извршување која му се става на товар : „не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти“.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда од членот 54-г алинеја 4 од Законот за извршување која му се става на товар “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките“ и дисциплинската повреда по член 54-г алинеја 9 од Законот за извршување: „не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти“ Дисциплинската комисија го огласи за виновен за сторени повреди и за истото му изрече парична казна во износ од -------- евра.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека со ваквото постапување нема штетни последици за странките во извршувањето а како отежнителна околност тоа што извшителот е претходно дисциплински казнуван и тоа што истиот е извршител со долгогодишно искуство во спроведување на извршувањето па бил должен и требал да знае дека водењето на уредна евиденција е обврска на извршителот како и тековното, навремено и ажурното заведување на податоци во уписникот за примени барања за извршување а не спроведување на истото при архивирање на предметите , па во склоп на истите му ја

одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител Д.К да плати на име парична казна износ во висина од ----------- евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.----------------- во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија на КИРМ
Претседател
Снежана Фитеска
-----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител Д.К
Архива